Сонха Јов. Дамј
20.04.26

4/3/26, 9:03 AM

Мими
03.04.2026

Personal Information Manager

Р.С Отиџд
03.04.2026

# WebMail

po.bitola@adsdp.mk | Help | Log Out

Mail Contacts Options

Mail Accounts

Choose an Action

Find Emails

Advanced Search

White List

- Inbox
- Drafts
- Sent Items
- Trash

My Mail Folders

- Deleted Items
- Junk E-mail
- Spam

Capacity

1.8 GB / 2.0 GB

<< Back to Inbox

## Fw: Барање - Закон за слободен пристап до информации

From: adsdp@adsdp.mk [adsdp@adsdp.mk]

Date: 03/04/2026 8:13

To: <stopanisuvanje@adsdp.mk>, <po.bitola@adsdp.mk>

Cc:

Reply | Reply All | Forward | Flag | Delete | Add Contacts | Create Community | Filter Junk Mail | Show All Headers | Print View

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 17-04-2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 2218/1 | | |

-----Original Message-----
From: [redacted]@gmail.com
Date: 03/04/2026 8:00
To: <adsdp@adsdp.mk>
Subj: Барање - Закон за слободен пристап до информации

Почитувани,

Во склад со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Македонија (објавен во „Службен весник на РСМ", бр. 101/2019) ве молам пратете ми список на АДСДП станбен простор во Битола. Идеално списокот би вклучувало

- Адреса и квадратура на станбен простор
- Име на агенција или друга организација која управува со тој станбен простор
- Вид на имот (социјален, пазарен, итд.)

Жена која е привремено неподвижна треба да ја напушти болницата во Битола во наредните 5 дена. Куќата во која живееше не е повеќе за живот а има и високи скали. Жената не може повеќе да плаќа пазарна кирија.

Во очекување на Вашиот одговор.

Со почит,

[redacted]

[redacted]

7000 Битола

| 03.04.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| 03 | 456/1 | | |

Reply to Sender | Cancel

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| | | |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-2218/1 од 17.04.2026 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-2218/1 од 17.04.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на достава на станбен простор во Битола со кој располага АДИССДП

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-2218/1 од 17.04.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на достава на станбен простор во Битола со кој располага АДИССДП
согласно информациите добиени од Подружница Битола ви го доставуваме следниот одговор:

АДИССДП не е надлежна за доделување на станбен простор под закуп. Надлежноста за доделување на државен стан ја има Комисијата за решавање на станбени прашања при Влада на Република Северна Македонија, поради што лицето е потребно да се обрати до истата и да достави комплетна документација согласно пропишаната постапка.
По донесено Решение за доделување на станбен простор под закуп од страна на надлежната Комисија, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, Подружница Битола, е должна во рок од 15 дена од негов прием да склучи договор за закуп на предметниот станбен простор.

Воедно, предочуваме дека Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје води и редовно ажурира евиденција на станбените единици во сопственост на РМ со кои Друштвото стопанисува, а кои се наменети за станбено згрижување на ранливи и приоритетни категории граѓани.Оваа евиденција не претставува јавно достапен регистар, туку по потреба и по барање се доставува до надлежните институции, кои во рамки на своите законски надлежности одлучуваат за распределба на становите.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Сања Јовановиќ Дамјановска